КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ДП. бр. 381**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија (подолу како ДК при КИРМ), во состав: извршител Снежана Фитеска претседател на ДК на Комората на извршители на РМ, извршител Саветка Георгиева член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Владимир Панчевски Основен суд С 1 С, судија Сандра Крстиќ Основен суд С 1 С и Нада Симјановска од Министерство за правда на РМ, како членови на Дисциплинска Комисија, и Билјана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-352 од 30.09.2013 година на Министерот за правда на РМ, во присуство на обвинетиот извршител од С М.Х лично, по одржан претрес на ден 24.12.2013 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

СЕ ОГЛАСУВА за виновен Извршител М.Х именуван за подрачјето на Основниот суд С 1 - С и Основниот суд С 2 - С со адреса на ул.        во  С

ЗАТОА ШТО:

Извршителот М.Х од С, вршејќи ја извршителската должност по предметот И.бр.322/08, не преземал во континуитет извршни дејствија и не ги искористил сите средства што согласно Законот за извршување е овластен и должен да ги презема при вршењето на извршителската должност, кое нешто било причина се уште да не биде во целост спроведено барањето за извршување поднесено од страна на доверителот до извршителот уште на ден 19.09.2008 година. Имено, по издавањето на Налог за извршување И.бр.322/08 од 22.09.2008 година извршителот од надлежните органи побарал дозвола и асистенција за вршење попис, проценка и пленидба на подвижни ствари во сопственост на должникот, но сепак не излегол на лице место и не го спровел извршувањето односно пописот, процената и пленидбата. Потоа, по протек на период дури од една и пол година повторно побарал дозвола и асистенција за вршење попис, проценка и пленидба на подвижни ствари по што излегол на лице место во домот на должникот со обид да изврши попис, процена и пленидба на подвижни предмети.

Извршителот не го спровел извршувањето ниту по добивањето на Дозволата ИДС.бр.110/11 од 29.03.2011 година издадена од страна на Претседателот на Основниот суд С II - С. Од барањето за издавање на наведената дозвола за спроведување на извршни дејствија со попис, процена и пленидба на подвижните предмети кои се наоѓаат во станот на должникот во периодот на март месец 2011 година па се до 20.09.2013 година, извршителот не преземал други извршни дејствија во насока на целосно извршување на извршната исправа Пресуда XII П.бр.3042/07 од 25.07.2008 година на Основниот суд С II - С. Постапувајќи на ваков начин извршителот постапил спротивно на член 27 ставови 2 и 3 и член 40 од Законот за извршување

**со кои дејствија** извршителот М.Ход С постапувајќи по предметот И.бр. 322/08 сторил дисциплинска повреда: " неоправдано го одложува извршувањето",по член 54-г став 1 алинеја 10 од Законот за извршување опишана во точка 1,

па врз основа на 54 –а од Закон за извршување му се изрекува

ПАРИЧНА КАЗНА

во висина од евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на ден на изрекување

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот М.Х од С утврдената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението под страв на присилно извршување.

*Образложение*

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-352 од 30.09.2013 година е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот М.Х од С врз основа на Извештај за спроведен вонреден надзор врз работата на извршителот бр.09-352 од 30.09.2013 година. Предлогот се поднесува со наводи дека извршителот сторил дисциплинска повреда по член 54-г став 1 алинеја 10 од Законот за извршување затоа што при спроведување на извршувањето по предметот по предметот И.бр.322/08, не преземал во континуитет извршни дејствија и не ги искористил сите средства што согласно Законот за извршување е овластен и должен да ги презема при вршењето на извршителската должност, кое нешто било причина се уште да не биде во целост спроведено барањето за извршување поднесено од страна на доверителот до извршителот уште на ден 19.09.2008 година. Имено, по издавањето на Налог за извршување И.бр.322/08 од 22.09.2008 година извршителот од надлежните органи побарал дозвола и асистенција за вршење попис, проценка и пленидба на подвижни ствари во сопственост на должникот, но сепак не излегол на лице место и не го спровел извршувањето односно пописот, процената и пленидбата. Потоа, по протек на период дури од една и пол година повторно побарал дозвола и асистенција за вршење попис, проценка и пленидба на подвижни ствари по што излегол на лице место во домот на должникот со обид да изврши попис, процена и пленидба на подвижни предмети. Извршителот не го спровел извршувањето ниту по добивањето на Дозволата ИДС.бр.110/11 од 29.03.2011 година издадена од страна на Претседателот на Основниот суд С II - С. Од барањето за издавање на наведената дозвола за спроведување на извршни дејствија со попис, процена и пленидба на подвижните предмети кои се наоѓаат во станот на должникот во периодот на март месец 2011 година па се до 20.09.2013 година, извршителот не преземал други извршни дејствија во насока на целосно извршување на извршната исправа Пресуда XII П.бр.3042/07 од 25.07.2008 година на Основниот суд С II – С.

Врз основа на наведеното, предлагачот смета дека извршителот сторил дисциплинска повреда по член од член 54-г став 1 алинеја 10 од Законот за извршување и предлага Дисциплинската комисија при КИРМ да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и да му изрече соодветна дисциплинска мерка.

Извршителот М.Х од С наведе во своја одбрана на главен претрес и во писмен одговор од ден 01.11.2013 година дека наводите од Предлогот на Министерот за правда во врска со постапката за извршување која била започната од страна на доверителот А.Под С преку полномошник адвокат Љ.Дод С и Адвокат С.П Р од С и адвокатски приправник А.Оод С, заведена под број И.бр.322/08 се неосновани. По поднесено барање за спроведување на извршувањето до извршителот на ден 19.09.2008 година извршителот по член 86 став 1 од Законот за извршување на ден 22.09.2008 година издал налог за извршување И.бр.322/08 и истиот налог уредно го доставил до

должникот. Должникот Д.Сод С, не постапил по налогот за извршување И.бр.322/08 од 22.09.2008 година и не го исплатил парично побарување па по претходно укажување од страна на адвокатот на доверителот дека должникот поседувал патничко моторно возило во негова сопственост и по авансирање на извршните трошоци за попис и процена на подвижни предмети на ден 07.06.2010 година бил спроведен неуспешен попис во домот на должникот поради непронајдени ствари врз кои може да се спроведе извршување а на кој попис биле присутни полномошникот на доверителот и сопругата на должникот. Извршителот се повика и на Решение на претседателот на КИРМ ПР.бр.56/2013 од 09.07.2012 година со кое не се поднесува предлог за поведување на дисциплинска постапка за И.бр.322/08 и во кое било констатирано дека непреземањето на дејсвија од страна на извршителот било од причина што доверителот во предметот немал авансирано средства за преземање на извршни дејствија. Извршителот во одговор наведе дека полномошното на доверителот адвокат Љ.Ди адвокат С.П Р од С не е отповикано па согласно што претставката поднесена до Министерството за правда е поднесена од адвокат А.Оод С како неовластено лице. Извршителот во своја одбрана наведе дека од страна на поломошникот на доверителот и доверителот било побарано да им се предаде извршната исправа и извршителот на ден 14 јануари 2013 година им ја предал истата и од тогаш до ден на главен претрес истата не била вратена. Од страна на доверителот извршителот бил известен дека должникот не поседува никаков имот освен возило – џип а други податоци извршителот не барал од причина што за економската состојба на должникот бил известен од доверителот. Извршителот истакна дека на ден 07.06.2010 година бил направен обид за попис на лице место во домот на должникот меѓутоа патничкото моторно возило не било пронајдено. На денот на пописот таткото на должникот презентирал имотен лист согласно кој куќата била сопственост на таткото на должникот а исто така и подвижните ствари биле на негово име. Извршителот усно му побарувал на доверителот да авансира средства за следни извршни дејствија но истиот не ги авансирал средствата.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес на ден 24.12.2013 година, ги дозволи и изведе следните докази: Извештај УПП.бр.09-352 од 30.09.2013 година на Министерство за правда на РМ; Пресуда XII П.бр.3042/07 од 02.06.2008 на Основен суд С 2 С, Барање за извршување И.бр.322/08 од 19.09.2008 година , Налог за извршување И.бр.322/08 од 22.09.2008 година; Повратен рецепис за уредна достава на Налог од 22.09.2008 година; Полномошно од доверител за Адвокат Љ.ДВ и С.П Р од С; Дозвола ИДС 262/10 од 17.05.2010 година на Претседател на Основен суд С 2 С; Дозвола ИДС бр.110/11 од 29.03.2011 година на Претседател на Основен суд С 2 С ; Записник за попис И.бр.322/08 од 07.06.2010 година; Заклучок И.бр.322/08 од 07.06.2010 година по чл.86 ст.4,5 и 6 од ЗИ; Барање за асистенција од полиција И.бр.322/08 од 21.10.2008 година ; Дозвола ИДС бр.787/08 од 17.10.2008 година на претседател на Основен суд С 2 С ; Барање за издавање на дозвола од 16.10.2008 година од извршител М.Х; Барање за асистенција од полиција И.бр.322/08 од 13.10.2008 година ; Доставница

И.бр.322/08 за достава на Записник И.бр.322/08 од 07.06.2010 година ; Решение на Претседател на КИРМ ПР.бр.56/2013 од 09.07.2013 година ; Барање за асистенција од Патна влечна служба – Пајак С од 27.05.2010 година И.бр. 322/08 ; Записник за настанати трошоци при дадена асистенција од 07.0.6.2010 година на МВР на РМ; Доставница И.бр.322/08 од 14.01.2013 година за достава на Пресуда П.бр.3042/07 од 02.06.2008 година на Основен суд С 2 С до примач А.П.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

На ден 19.09.2008 година извршителот М.Х од страна на доверителот А.Под С преку полномошник Љ.Д, адвокат од С, примил барање за спроведување на извршување на извршната исправа: Пресуда XII П.бр.3042/07 од 25.07.2008 година на Основниот суд С II - С. Врз основа на наведената извршна исправа доверителот побарал од извршителот да преземе соодветни извршни дејствија и од должникот Д.Сод С да наплати парични средства на име главен долг во износ од 2.500 евра со домицилна камата на овој износ што ја утврдува Централната Европска банка сметано од 29.11.2004 година до конечна исплата, парнични трошоци во износ од денари согласно ЗВСЗК сметано од 02.06.2008 година до исплатата, како и извршни трошоци.

Постапувајќи по барањето за извршување, а врз основа на извршната исправа, извршителот на ден 22.09.2008 година издал Налог за извршување по член 86 став 1 од Законот за извршување, со којшто му наложил на должникот во рок од 3 дена по приемот на налогот, во име и за сметка на доверителот, на сметката на извршителот да уплати парични средства во износ од евра со домицилна камата на овој износ што ја утврдува Централната Европска банка сметано од 29.11.2004 година до конечна исплата на име главен долг, износ од денари согласно ЗВСЗК сметано од 02.06.2008 година до исплатата на име парнични трошоци, како и износ од денари на име дел од извршни трошоци, со напомена дека доколку не го плати долгуваниот износ во предвидениот рок ќе се пристапи кон попис, процена и пленидба на предмети.

На ден 16.10.2008 година извршителот изготвил и до Претседателот на Основниот суд С II - С доставил Барање за издавање дозвола за вршење попис, проценка и пленидба на подвижни ствари во сопственост на должникот Д.Сод С. На ден 17.10.2008 година Претседателот на Основниот суд С II - С издал Дозвола ИДС.бр.787/08 со која дозволил спроведување на извршни дејствија со попис, процена и пленидба на подвижните предмети кои се наоѓаат во станот на должникот.

Заради спроведувањето на извршувањето закажано за ден 23.10.2008 година на адреса на живеалиштето на должникот извршителот од МВР - СВР ДОЦ 92 С побарал асистенција при извршувањето.

Следното дејствие кое го презел извршителот е на ден 13.05.2010 година кога истиот изготвил и до Претседателот на Основниот суд С II - С поднел барање за издавање дозвола за вршење попис на подвижни ствари во сопственост на должникот Д.Сод С. Постапувајќи по барањето на извршителот Претседателот на Основниот суд С II - С на ден 17.05.2010 година издал Дозвола ИДС.бр.262/10 со која дозволил спроведување на извршни дејствија со попис, процена и пленидба на подвижните предмети кои се наоѓаат во станот на должникот.

На ден 27.05.2010 година извршителот врз основа на членот 41 став 2 и членот 76 од Законот за извршување изготвил Барања со кои од патната влечна служба - Пајак служба С и од МВР - СВР ДОЦ 92 С побарал асистенција при спроведувањето на извршувањето закажано за 07.06.2010 година.

На ден 07.06.2010 година извршителот донел Заклучок за известување на странката за попис (врз основа на член 86 ставови 4, 5 и 6 од Законот за извршување), со кои се определува попис на предметите кои се наоѓаат во домот на должникот со адреса на ул во С.

Извршителот на ден 07.06.2010 година излегол на лице место на адресата на живеалиште на должникот заради попишување и процена на подвижни предмети, видно од Записникот за попис и процена на подвижни предмети, И.бр.322/08 по член 94 и член 95 од ЗИ, пописот не бил извршен од причина што не биле најдени предмети над кои би можело да се спроведе извршување. Примерок од Записникот е доставен до В.С - сопруга на должникот.

На ден 29.03.2011 година Претседателот на Основниот суд С II - С издал Дозвола ИДС.бр.110/11 со која се дозволува спроведување на извршни дејствија со попис, процена и пленидба на подвижните предмети кои се наоѓаат во станот на должникот, врз основа на Налогот за извршување И.бр.322/08 од 22.09.2008 година.

Извршителот на ден 14.01.2013 година го предал на доверителот оригиналниот примерок од извршната исправа: Пресуда XII П.бр.3042/07 од 25.07.2008 година на Основниот суд С II - С, која била предмет на извршување во конкретниот извршен предмет И.бр. 322/08.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија на главен претрес на ден 24.12.2013 година одлучувајќи по повод основаноста на Предлогот на Министерот за правда УПП бр.09-352 од 30. 09.2013 година утврди дека извршителот М.Х од С сторил дисциплинска повреда на начин што при спроведување на извршување по предметот И.бр. 322/08 иако имал сознанија за подвижен имот-возило во сопственост на должникот тој подолг период не превземал извршни дејствија насочени кон тоа патничко моторно возило со што постапил спротивно на начелото на итност и редослед во постапувањето по ЗИ. Извршителот М.Х од С, вршејќи ја извршителската должност по предметот И.бр.322/08, не преземал во континуитет извршни дејствија и не ги искористил сите средства што согласно Законот за извршување е овластен и должен да ги презема при вршењето на извршителската

должност, кое нешто било причина до ден на поднесување на предлогот да не биде во целост спроведено барањето за извршување поднесено од страна на доверителот до извршителот на ден 19.09.2008 година. Имено, по издавањето на Налог за извршување И.бр.322/08 на 22.09.2008 година по член 86 од ЗИ и извршителот по протек на период од една и пол година побарал дозвола од претседателот на судот и асистенција од полиција по што излегол на лице место во домот на должникот со обид да изврши попис, процена и пленидба на подвижни предмети на 07.06.2010 година. Извршителот по барањето за издавање на дозвола за спроведување на извршни дејствија во станот на должникот поднесено до претседателот на основниот суд во март 2011 година па се до 20.09.2013 година не преземал други извршни дејствија ниту пак дејствија за промена на средството на извршување во насока на целосно извршување на извршната исправа па со ваквиот начин на постапување извршителот постапил спротивно на член 27 ставови 2 и 3 и член 40 од Законот за извршување.

ДК на КИРМ е на став дека со овие дејствија во предмет И.бр.322/08 извршителот М.Х од С го сторил битието на делото кое му се става на товар по член 54-г став 1 алинеја 10 од Законот за извршување :“ неосновано го одлговлекува извршувањето“.

Како во преземените дејствија од страна на извршителот се содржани сите битни елементи на дисциплинската повреда :“неосновано го одлговлекува извршувањето“ , Дисциплинската комисија го огласи за виновен за сторени повреди па му изрече парична казна во износ од евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на ден на изрекување.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се како олеснителната околност што доверителот не ги авансирал реалните трошоци на извршувањето, а како отежнителна околност тоа што извршителот е претходно казнуван, па во склоп на истите му ја одмери казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден година согласно чл. 59-в став 1 алинеја 3 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетиот извршител М.Х од С да плати на име парична казна износ во висина од евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр. во Стопанска банка АД С, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

Дисциплинска комисија на КИРМ
Претседател
Снежана Фитеска
-----------------------------

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот

**Дн:** Претседател на КИРМ

Министерство за правда

Извршител М.Х од С

Архива